# Извештај за активностите на Советот за етика во медиумите на Македонија

## јануари – декември 2016 година

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

СОДРЖИНА


1. ВОВЕД
2. ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ НА СОВЕТОТ ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2016 ГОДИНА
   - 2.1 Промотивни активности и информирање на јавноста за Советот за етика во медиумите
   - 2.2 Редовни активности на Комисијата за жалби, процес на медијација и одлучување
   - 2.3 Издавачка дејност и истражување
   - 2.4 Соработка и вмрежување со меѓународни тела, организации и мисии
   - 2.5 Комуникација и активности со медиумите
   - 2.6 Активности за стратегиско планирање
   - 2.7 Градење на капацитетите на СЕММ
3. ИДНИ АКТИВНОСТИ НА СОВЕТОТ ЗА ЕТИКА ВО МЕДИУМИТЕ



Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## 1. ВОВЕД

Советот за етика во медиумите на Македонија во текот на изминатата година своите активности, главно, ги фокусираше во следниве сегменти:

- Промотивни активности и информирање на јавноста
- Редовни активности на Комисијата за жалби, процес на медијација и одлучување
- Издавачка дејност и истражување
- Соработка и вмрежување со домашни и меѓународни организации и мисии
- Комуникација и активности со медиумите
- Активности за стратегиско планирање
- Градење на капацитетите на СЕММ.

Поддршка за функционирањето на СЕММ и за реализација на активностите во 2016 година беше добиена од следниве донатори: Амбасадата на Кралството Холандија (преку двегодишен институционален грант, чија реализација беше комплетирана во декември, како и во рамки на проектот МОДЕМ „Набљудување на демократија- та 2015: политички плурализам во медиумите пред и за време на избори“ со Институтот за комуникациски студии), потоа од УНЕСКО Париз (преку едногодишен акциски грант), Швајцарската агенција за развој и соработка преку Програмата ЦИВИКА (со двегодишен институционален грант), од МИМ преку грант доделен во рамки на проектот РеформМедиа финансиски поддржан од Европската унија. Поддршка е добиена и од Мисијата на ОБСЕ во Скопје преку реализацијата на неколку заеднички активности.

## 2. Преглед на активностите на Советот во периодот јануари – декември 2016 година

### 2.1 Промотивни активности и информирање на јавноста за Советот за етика во медиумите

Спроведени се повеќе **дебати со граѓаните** со цел да се промовира мисијата, процесот на доставување жалби и работата на Комисијата за жалби во Кавадарци, Гевгелија, Велес, Прилеп и Гостивар.

Остварени се и **посети на високообразовни установи**, односно факултетот Гоце Делчев во Штип, Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, Меѓународниот балкански универзитет и Институтот за комуникациски студии.

Продуцирани се различни видови **промотивни и едукативни материјали**, како што се билтени, публикации за саморегулацијата и нејзиното значење, постери, итн. Изработени се кратки видео-материјали за промовирање на СЕММ и саморегулацијата, кои содржат пресек на донесените одлуки и најчестите основи за нарушување на стандардите, видео - клипови за говор на омраза. СЕММ учествуваше и во подготовката на документарниот филм на ОБСЕ за слобода на медиумите.

СЕММ иницираше процес на **подготовка на Повелба за етичко известување за изборите**, што резултираше  по консултативен процес со сите медиуми, а проследен со церемонија на нејзино потпишување во ЕУ инфо центарот во Скопје во февруари минатата година. Повелбата е потпишана од 96 медиуми ширум државата.

Подготвени се и реализирани **четири ТВ дебати**, на тема „Етика во медиумите и етика во општеството“ емитувани во периодот од јуни до септември 2016 година на Телевизија 24. На дебатите се дискутираше за потребата од саморегулација, реформите во медиумската сфера, најчестите нарушувања на професионалните стандарди во новинарството, говорот на омраза во медиумите, потребата од соработка со граѓанскиот сектор, итн. ТВ дебатите се поставени и на Фејсбук страницата на СЕММ.

**2.2 Редовни активности на Комисијата за жалби, процес на медијација и одлучување**

Комисијата одржува состаноци најмалку два-три пати месечно, а по потреба се состанува и почесто, во зависност од обемот на добиените жалби. Досега се добиени околу 180 жалби. Членови на Комисијата за жалби во последните неколку месеци работеа на подготовка на публикација која ја сублимира работата на ова тело и наскоро таа ќе биде официјално промовирана.

Членовите на Комисијата за жалби поддршка во својата работа добиваат и низ **редовна комуникација со колегите од советите за етика во регионот и од Алијансата за независни совети за етика во Европа.**

**2.3 Издавачка дејсност и истражувања**

Во текот на јули отпечатена е публикацијата на ОБСЕ „**Водич за саморегулација во медиумите – сите прашања и одговори**“, а подготвен е и додаток на Водичот „Саморегулацијата и македонското новинарство“. Изработен е **Прирачник за темелните професионални начела во новинарската професија**, чиј автор е доктор Дејан Донев.

Во текот на април – мај се работеше на истражување за улогата на СЕММ во зајакнување на професионализмот на медиумите и афирмирање на саморегулацијата. Во истражувањето учествуваа новинари и претставници на граѓански организации ширум државата, а наодите беа презентирани во јуни. Истражувањето се реализираше со поддршка од проектот „Зајакнување на довербата во медиумите во Југоисточна Европа и Турција“, финансиран од УНЕСКО и ЕУ.

На крајот на минатата година и на почетокот на годинава се работеше и на подготовка на компаративна анализа за праксата на советите за етика во Европа, како и на етичката рамка во Европа. Наодите од анализата ќе бидат презентирани на конференција во текот на април.

**2.4 Соработка и вмрежување со меѓународни тела, организации и мисии**

СЕММ е членка на **Алијансата за независни совети за етика во медиумите во Европа (Alliance of Independent Press Councils of EUROPE-AIPCE, http://www.aipce.net/)**. Притоа, Извршната канцеларија е во редовна комуникација со претставници на другите членки на Алијансата. Тоа во значителна мерка е од помош во работењето, со оглед на размената на информации, знаење, совети во решавањето одредени случаи, итн. Претставници на Советот за етика во медиумите учествуваа на Годишното собрание на оваа Алијанса што се одржи во октомври, во Стокхолм, како и на меѓународната конференција по повод одбележувањето на Светскиот ден за слобода на медиумите во мај, во Хелсинки, каде што беше презентирана работата на СЕММ. Претставници на СЕММ учествуваа на конференција на регионалната мрежа на саморегулаторни тела, во јуни, во Тбилиси, Грузија.

СЕММ, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, беше домаќин на регионалната конференција „Предизвици за советите за етика во регионот на Балканот“, во мај минатата година, на која учествуваа претставници на телата за саморегулација во Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Косово, Србија и Црна Гора. Претставниците на СЕММ го претставија досегашното работење на Советот, Кодексот на новинарите и односот меѓу граѓаните и медиумите со фокус на процесот на медијација. Целта на конференцијата беше унапредување на регионалната соработка и размена на искуства од областа на медиумската етика.

СЕММ го поддржа и формирањето на Советот за етика во медиумите во Албанија, а се планираат и идни активности со ова тело за саморегулација.

**2.5 Комуникација и активности со медиумите**

СЕММ продолжи со редовното организирање настани/активности за запознавање на медиумите и јавноста со својата работа и со процесот на функционирање на саморегулацијата. Организирани се повеќе прес-конференции, на кои се реагираше на прекршување на стандардите и неетичкото

известување на медиумите, а се праќаа и алерти/соопштенија до медиумите, редовно се гостува во медиумите, итн.

Во октомври беше организирана работилница со уредници, сопственици на медиуми и директори на информативни програми. Се дискутираше за идниот развој на СЕММ, како и за потребата од поддршка на саморегулацијата. На неа присуствуваа претставници и на Советот за етика во Норвешка, како и од босанскиот Совет за етика.

Претставник на СЕММ учествуваше во работната група за подготовка на Етичките и професионални принципи на МРТ за медиумско известување за изборни процеси, процес кој го иницираше британската амбасада и МИМ, врз основа на искуството на Би-Би-Си.

### 2.6 Активности за стратегиско планирање

Во април беше организирана работилница за стратегиски развој со членовите на УО, Комисијата за жалби и Надзорниот одбор на СЕММ. Анализирани се стратегискиот план, сите документи на СЕММ во сооднос со предизвиците на кои наидуваме во нашата работа. Како резултат на овој процес, направени се предлози за измени на документи, а дефинирана е и основата за подготовка на нов стратегиски план на СЕММ.

### 2.7 Градење на капацитетите на СЕММ

Претставници на Комисијата за жалби и на Управниот одбор учествуваа на обука за советите за етика од Југоисточна Европа и Турција, во јуни, во Коњиц, Босна и Херцеговина. Фокусот на обуката беа правните и етички искуства и предизвици во новинарството, како и известувањето за јавниот интерес во дигитална ера.

## 2 Идни активности на Советот за етика во медиумите

Активностите на СЕММ во претстојниот период ќе бидат и понатаму фокусирани кон континуирано информирање на јавноста за надлежностите на ова тело.

Во соработка со новинарската и медиумската заедница, ќе се работи и на унапредување на етичката рамка, а особено во делот на известување на онлајн медиумите, и нејзина ефективна примена во медиумското известување.

Планирани се  и активности за натамошно развивање на капацитетите на членовите на СЕММ, соработка со медиумите во едукацијата за прашања поврзани со примена на етиката во известувањето, објавување публикации и истражувања, организирање координативни средби со донаторите, итн.

Поради потребата да се креираат соодветни механизми за самоодржливост на организацијата, планирани се активности за организирање настани, како во партнерство со медиумите и локалните организации, така и со меѓународни експерти.

СЕММ планира активно да учествува и во преземање активности за зголемување на нивото на медиумска писменост меѓу граѓаните, со цел да се подобри разбирањето на медиумската улога и придонесот во подобрување на новинарската работа. Во таа насока, СЕММ учествува во Мрежата за медиумска писменост што ја иницираше Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Планирани се и идни настани со регионалните совети за етика, како и со совети од мрежата на АИПЦЕ.